УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

## С О Д Р Ж И Н А

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) ........................................................ 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ ........................................................ 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ ........................................................ 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ........................................................ 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ ........................................................ 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА ........................................................ 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ ........................ 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ ........................................................ 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА ........................................................ 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН ........................................................ 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР ........................................................ 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА ........................................................ 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА ........................................ 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........................................ 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА ........................................ 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ ........................................ 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ................. 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ ........................................ 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) ................. 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК ................. 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ............. 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ ................. 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ................. 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО ................. 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА ................. 163

**781.65:78.087.68]:37-053.5**
**78:159.92-053.5**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА

м-р Ивана МИЛОШЕВИЌ[1],
[2] Факултетот за уметности во Ниш, Р Србија, ivana44yu@gmail.com

**Апстракт:** Групното или хорско пеење кај децата претставува активност што истовремено влијае врз развивањето на нивните музички и когнитивни способности. Оваа музичка активност придонесува за поттикнување и подобрување на социјалните вештини, работните навики, чувството за самодисциплина и тимска работа, самопочитувањето, емоционалното изразување и сл. Пеењето во хор е идеално за деца што имат тешкотии со учењето бидејќи претставува своевиден мемориски тренинг. Од тие причини подолго време во светски размери постои интенција за социјална инклузија на децата преку музика во различни форми и начини за усвојување на нови знаења и искуства. Инсистирањето на групно музицирање, особено хорското пеење позитивно влијае врз многу аспекти во емотивниот и во психичкиот развој на децата во текот на нивното образовние.

***Клучни зборови:*** музика, хор, пеење, емоционални, когнитивни придобивки.

## Вовед

Позитивните ефекти на хорското пеење кај детето на училишна возраст ќе ги согледаме преку неговиот социо-емоционален и когнитивен развој. За музиката често се вели дека претставува јазик на емоциите, меѓутоа, постојат дискусии за тоа дали музиката всушност директно предизвикува емоции кај слушателот, и доколку е тоа точно, дали емоциите предизвикани со музика се исти како и останатите емоционални искуства.

Емпириските истражувања во полето на психомузикологијата и когнитивната музикологија сугерираат дека возрасните, како и децата, мошне бргу прават разлика помеѓу музичките емоции. Во таа смисла, тие ги диференцираат емоциите предизвикани од страна на структурата на музичкото дело (она што ни го дава композиторот) и од страна на изведувачките карактеристики (Trainor, Schmidt, 2003). Слушателите на музика главно се согласуваат околу тоа дали музиката е весела или тажна. Меѓутоа, кога е во прашање спецификацијата на конкретните чувства, ситуацијата е поинаква и мислењата не се еднакви. Постојат нијанси во музиката што мошне различно влијаат врз емоциите кај различни слушатели.

Една од разликите помеѓу емоциите предизвикани со музика и емоциите предизвикани од страна на други домени, претставува фактот дека реакцијата на музика не мора да биде очигледна. Емоционалното искуство е поврзано со психолошки реакции, од грчење на мускулите, промени во дишењето и чукањето на срцето, до промени во крвниот притисок и потењето. Луѓето (па така и децата) учат до извесна мерка да ги контролираат очигледните изливи на емоција при слушањето музика. Ова посебно важи за изведувачите кои би биле оневозможени да изведуваат музика кога нивната реакција на музиката би била мошне интензивна (Trainor, Schmidt, 2003).

Многу важното и веќеспоменато емоционално доживување на музиката кај човекот и детето исто така игра значајна улога, како во формирањето на музичкиот вкус, така и во одлуката за занимавање со музика, односно, учествување во музички активности, како и во активното слушање музика, кои не треба да ги занемариме.

## 1. Бенефити од групното (колективно) музицирање

Групното музицирање носи многу позитивни ефекти во емотивниот и во психичкиот развој на едно дете на училишна возраст. Многу истражувачи се имаат занимавано со оваа тематика и постојат голем број испитувања на влијанието на групното пеење на целокупната психофизичка состојба на човекот. Исто така, не мал број истражувања докажуваат дека музичката едукација ги подобрува и областите како што се читањето и литературните

вештини, ориентацијата, математичките вештини и емоционалната интелигенција на детето. Ова може да значи дека децата што учествуваат во музички активности (пеење, свирење некој инструмент, групно пеење и/или музицирање) постигнуваат подобри резултати во училиште.

Колективното музицирање може да го поттикне обединувањето во општеството – луѓето се општествени суштества, и се претпоставува дека музиката низ историјата служела да го поттикне чувството за заедништво и синхроност, и дека помагала во создавање на други општествени постапки, како што е сменувањето. На луѓето им се потребни општествени врски за да функционира општеството, а музиката е една од нив (Левитин, 2011:287). Во таа смисла, групното, односно, хорското пеење може да се смета за човечка потреба и исконски потенцијал кој носи позитивни ефекти врз психофизичката состојба и развојот на еден човек и/или дете.

За клучен дел на музичката емоција Даниел Џ. Левитин ја смета метричката екстракција. Таа ја подразбира нашата свест за тоа каков е пулсот и кога очекуваме дека ќе се појави. Со други зборови, музичкиот проток треба да ги крши нашите очекувања во која било музичка смисла (ритам, темпо, хармонија, боја на тонот, висина на тонот итн.) за да ни биде интересен и возбудлив за слушање. Исто така, овој автор смета дека „нашите центри за мислење вредно работат за да предвидат што ќе следува во музиката врз основа на неколку фактори: она што веќе било во композицијата што ја слушаме; она што се сеќаваме дека следува доколку композиција ни е позната; она што очекуваме дека ќе следува доколку жанрот или стилот ни се познати, врз основа на поранешното слушање музика од истиот стил; сите дополнителни информации што ги добиваме, како што се содржината на музиката што сме ја прочитале, неочекуваното движење на изведувачот итн.“ (Левитин, 2011:121).

Имре Лахделма предлага „шест основни механизми што би ја објасниле способноста музиката да индуцира емоции кај слушателите, а тие (емоциите) се од интерес и во основниот контекст на перцепција на емоциите, бидејќи индукцијата на емоции и перцепцијата понекогаш можат блиску да се преплетуваат:

- Рефлексијата на мозокот се однесува на процесот со кој емоцијата се индуцира поради музиката, бидејќи основните акустични карактеристики на музиката примени од страна на мозокот му сигнализираат на човекот некоја потенцијално важна или итна случка (на пр. гласност, брзина...).
- Евалуациското стимулирање се однесува на процесот со кој емоцијата се индуцира од страна на музиката, па овој стимуланс во неколку наврати се спарува со други позитивни или негативни стимуланси.
- Емоционалното пренесување на изразот се однесува на процесот со кој емоцијата се индуцира од страна на музиката, бидејќи слушателот реагира со емоционалниот израз така што со својата мимика ги одразува своите чувства, а со тоа и емоцијата предизвикана со опишаното слушање музика.
- Визуелните слики се однесуваат на процесот во кој се предизвикува емоцијата, бидејќи кај слушателот, додека слуша музика, поттикнува след на визуелни слики.
- Епизодичната меморија се однесува на процесот со кој се индуцира емоцијата кај слушателот, бидејќи музиката предизвикува спомени на некоја специјална случка во неговиот живот.
- Музичкото очекување се однесува на процесот со кој емоцијата се индуцира кај слушателот, бидејќи специфични карактеристики на музиката ги кршат, одлагаат или потврдуваат очекувањата на слушателот за тоа дали музиката треба да се слуша, дали да се продолжи со слушањето или не“ (Lahdelma, 2017: 19–20).

За Оливер Сакс (Сакс, 2007) музиката им се обраќа на двете страни на нашата природа, емоционалната и интелектуалната. Тоа значи дека при слушањето музика често сме свесни и за едниот и за другиот аспект, т.е. можеме да бидеме длабоко трогнати додека во ист момент ја оценуваме формалната структура на композицијата. Реакциите на музика се многу различни во согласност со различни механизми за оцена на структуралните и емоционалните аспекти на музиката. Меѓутоа, од децата на училишна возраст не можеме да очекуваме детално да ги познаваат музичките форми и облици со цел да обработуваат и усвојуваат нови музички композиции со разбирање. Всушност, на многу возрасни луѓе им недостасуваат перцептивни и когнитивни способности за да ја оценуваат и да ја разбираат музиката, но секако уживаат во неа и слушањето или изведувањето им причинува големо задоволство.

**2. Пеење во хор – образовни и воспитни цели**

Со учествување во еден хор младата личност се социјализира и ги согледува вредностите на заедничко учествување во постигнувањето на одреден уметнички израз. Хорот е најмасовен вид колективно музицирање во основните училишта и од неговата работа зависи и угледот на училиштето. Само кај хорското пеење од сите ученици се бара единствен (испеан) одговор.

Пеењето во хор има образовни и воспитни цели. Образовната цел ги опфаќа развивањето на слухот и чувството за ритам, ширењето на гласовните можности, зајакнувањето на интонацијата. Воспитната цел ги опфаќа развивањето на чувство на припадност кон колективот, развивањето естетски чувства, запознавањето со нови зборови, односите во природата и помеѓу луѓето и сл. („Службени гласник РС – Просветни гласник", бр. 6/2007, 2/2010, 7/2010 и др. правилник и 3/2011 и др. правилник).

Бидувањето дел од група и учествувањето во тимска работа на луѓето им носи големо задоволство, тврдат студиите. Меѓутоа, лице што пее во хор има посилен впечаток за тоа дека е дел од група чија задача е значајна и дека постои нешто посебно во фактот дека сите заедно, т.е. синхронизирано се движат и дишат. Исто така, со текот на времето, група пејачи може да го изедначи ритамот на чукањето на срцето во корелација со брзината на дишењето. Овој ефект многу силно влијае врз намалувањето на стресот и високиот притисок, како и на ослободувањето на хормонот на среќа, што е утврдено во едно истражување во Шведска на Универзитетот во Гетеборг, каде што научниците бараат нови начини на кои и музиката може позитивно да влијае врз здравјето. Со вежби на дишење, распејување, оформување на вокалите, вокализа, а подоцна и со обработка на композициите и уметничкото дотерување на нумерите, ансамблот учи заеднички да дојде до целта, која е еднаква за сите. А тоа е што е можно подобра интерпретација и уживање во изведувањето на музиката.

Хорското пеење се вбројува во активности што, покрај интелектуалните и естетските способности, кај ученикот го развиваат и чувството на припадност на заедницата и одговорноста кон неа, бидејќи постојаниот контакт на голем број пејачи придонесува за нивното зближување и решавање на колективни задачи. Тоа води кон развивање на свеста за неопходноста на општествена соработка и заедничко дејствување, па така е сосема извесно дека хорското пеење има своја социјално-образовна функција" (Јеремић, 2009: 312). Оваа активност е најмасовен вид колективно музицирање во основното училиште (Ивановић, 1981:195), кој силно придонесува не само за развивање на музичките способности на ученикот, туку и на моралните, естетските, интелектуалните, социјалните, емоционалните и културните аспекти на личноста" (Павловић, Сарајлић, Ковач, 2016: 259–277). „Хорското пеење во основното училиште има исклучителна воспитно-образовна смисла и значење во остварувањето на задачите на музичкото образование и воспитание на општествено-моралното, националното, интеркултуралното, работното и естетското. Пред сѐ, придонесува за развојот на музичките способности на ученикот: слухот, гласот, чувството за хармонија, ритам, мелодија и заедничко музицирање; учениците се запознаваат со вредни остварувања на уметничката, духовната и народната музика. Пеењето во хор развива дисциплина, упорност, истрајност и придонесува за изградување на чувството за разбирање, меѓусебно почитување и толеранција. Преку хорското пеење се развиваат другарството, колегијалноста, чувството за тимска работа и пријателство. Во таа смисла, овој вид воспитно-образовна работа има големо значење во општествено-моралното воспитување на младите" (Павловић, Сарајлић и Ковач, 2016, стр. 265).

Децата (посебно оние што не умеат со леснотија да читаат нотен текст) брзо ги усвојуваат композициите за обработка на хорските секции. Една нова хорска композиција со учениците се обработува на многу сличен начин како и обработка на песна по слух во наставата. Имено, по разговорот за содржината на песната и создавањето атмосфера за обработка на песната, преку обработка на книжевниот текст и мелодијата, следува утврдување и експресивно дотерување на песната (Братић, 2001). Обично, тоа се композиции базирани на традиционалната музика во аранжмани прилагодени за училишен хор или уметнички композиции чија структура, хармонски план и ритмичко решение не отстапуваат од нормите на кои навикнало увото и чиј проток може да се предвиди, односно, тоа се адекватно избрани

композиции за училишна возраст и според можностите на хорот. Учениците на следната хорска проба без проблем би го репродуцирале наученото, иако повеќето од нив не се вешти во читањето нотен текст. Голема улога во меморирањето нови мелодии има книжевниот текст на композицијата, кој им помага на децата да ја запомнат мелодијата со помош на асоцијации и визуелни слики. Децата ги усвојуваат музичките и лингвистичките правила на сличен начин, без голем напор. Јазикот, како и музиката, ја вклучува меморијата и на тој начин возрасните луѓе и децата можат да ги препознаат и да ги репродуцираат мелодијата, зборовите, поезијата, песните итн. (Beson, Schon, 2003).

Емоционалниот сегмент има голема улога во усвојувањето нови композиции во хорот. Земајќи ги предвид сите спомнати параметри, детето емоционално (на некој од овие начини) се поврзува со композицијата и ја усвојува без тешкотии. Колку повеќе му се допаѓа на детето одредена композиција, толку повеќе ќе му се посвети на учењето и на нејзината подобра интерпретација. Меѓутоа, секој ученик, односно хорски пејач, нема да доживее одредена композиција на ист начин. Разликите во емоционалните сензации најдобро е да се согледаат низ призмата на когнитивната музикологија.

Многу странски земји ја имаат препознаено користа од хорското пеење за децата на училишна возраст и преземаат чекори за поддршка и поттик на овој вид активност. Пред неколку години англиската влада одобрува 40 милиони фунти за Националната програма за пеење, според која секое основно училиште во Англија задолжително мора да оформи хорови во кои ќе пеат сите училишни деца. Во овој пример гледаме дека инсистирањето на групна музика е многу важно за оваа земја и дека тие сметаат дека хорското пеење позитивно влијае врз многу аспекти на зреење на детето. Жан Мишел Блансер, министер за образование во Франција, минатата година рече дека, во согласност со мерките што треба да се преземат за да се зачува тимскиот дух и ентузијазам, од училиштата ќе се бара да создадат хорови за охрабрување на групната музика. Пилот-истражувањето спроведено од европската хорска асоцијација „Европа Кантат“, во периодот од 2013 до 2015 година, поддржано од Европската Унија, покажува дека во Европа постојат 37 милиони хорски пејачи, вклучувајќи ја Русија. Ваквата бројка дава потполно нов поглед на значењето на хорското пеење во Европа. Според ова обемно истражување, во Македонија во тој период постојат околу 200 јавно признати хорски ансамбли.

**Заклучок**

Музиката секако предизвикува силни чувства. Таа е еден од многуте фактори што можат да го облагородат и да го збогатат животот на детето. Групното музицирање на посебен начин придонесува врз емоционалниот развој на детето низ многу различни аспекти. Предизвикувањето емоции со изведување музика или, подобро кажано, учествувањето во групното музицирање, односно хорското пеење, за детето подразбира еден здрав развој и будење здрави чувства. Истражувањата покажаа дека пеењето во хор носи огромна корист за зачувување на психичката, менталната и емоционалната состојба на човекот. Исто така, истражувањето спроведено од страна на Ник Стјуарт од Универзитетот Оксфорд Брукс покажува дека хорското пеење има големо влијание врз општественото напредување. Токму тоа е чувството на припадност што секој хорски пејач го искусил со заедничко музицирање, како и со привикнувањето на тимска работа и работа во групи, кои се и тоа како важни за секојдневниот живот на детето.

## Користена литература:


1. Banks, K. (2011): Researchin Musicology and Cognition. *Musiconthe Mind*. Harvard Science Review
2. Besson M., D. Schon (2003): Comparison between language and music. *The Cognitive Neuroscience of Music*. Oxford University Press, 269–294
3. Братић Т., Љ. Филиповић (2001): *Музичка култура у разредној настави*. Јагодина–Приштина: Учитељски факултет у Јагодини и Факултет уметности у Приштини
4. Јеремић, Б. (2009): Историјски осврт на значај певања на млађем школском узрасту у наставним плановима и програмима од 1948 до 1984 године. Норма. XIV, 3/2009, 308–321.

5. Јеремић, Б. (2011): Певање као детерминанта друштвеног прогреса у наставним плановима и програмима од 1984 до 1990. Године на млађем школском узрасту. *Норма. XVI, 2/2011*,159–166.
6.
7. Lahdelma, I. (2017): *At the Interface Between Sensation and Emotion Perceived Qualities of Single Chords*. Finland: Faculty of Humanities and Social Science of the University of Jyväskylä
8. Левитин, Д. (2011): *Музика и мозак*: *зашто волимо музику*. Превод са енглеског Владица Ракић. Нови Сад: Психополис институт
9. Levitin D., A. Tirovolas (2011): Music Perception and Cognition research from 1983 to 2010: A Categoricaland Bibliometric Analysis of Empirical Articlesin Music Perception. *Musicperception: AnInterdisciplinary Journal*, vol 29, No. 1, 23–36.
10. Leškova S., A. Islam (2015): *The Significant role of music in the educational system throught hevarious scientific disciplines*. International Journal of Sciences: Basicand Applied Research (IJSBAR), vol. 22, No 1, 354–359.
11. Огњеновић, П. (2011): *Психологија опажања*. 3 изд. Београд: Завод за уџбенике
12. Павловић Б., Д. Сарајлић, А. Ковач (2016): Хорско певање у млађим разредима основне школе. Зборник радова Филозофског факултета XLVI (1)/2016, 259–277.
13. Peretz I., R. Zatorre (2003): *The cognitiven euroscience of music*. Oxford University Press
14. Сакс, О. (2010): *Музикофилија*: *приче о музици и мозгу*. Превод Ј.Стакић. Београд: Клио
15. Schellenberg, E. G. (2003): Does exposure to music have beneficial side effects? *The Cognitive Neuroscience of Music.* Oxford University Press, 430.
16. Trainor L. J., L.A. Schmidt (2003): Processing emotions induced by music. *The Cognitive Neuroscience o fMusic.* Oxford University Press, 310–325.
17. Haumann, N. T. (2015): AnIntroductionto Cognitive Musicology. Special edition-Musicand Brainresearch
18. https://www.telegraph.co.uk/news/health/news/10496056/Choir-singing-boosts-your-mental-health.html
19. http://www.deteplus.rs/tekstovi/4-tekstovi/210-horsko-pevanje.html
20. https://www.thetimes.co.uk/article/french-pupils-given-phone-ban-and-told-to-join-choir-in-macron-school-shake-up-mh3k6kr5z